Врз основа на член 9 став 1 алинеја а од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“, број 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13 , 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 24/19 и 87/21 ) и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“, број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), Помошник министерот донесе:

**ОДЛУКА**

**за јавна набавка**

1. За потребите на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија потребно е да спроведе постапка за јавна набавка на услуги за изработка на техничка документација и тендерско досие за реконструкција со надградба и доградба на полициската станица за гранична контрола-Маркова Нога и нејзино пешачко поврзување со објектите на идниот граничен премин Маркова Нога-Лемос кој треба да се воспостави на таа локација во рамките на проектот „Гранична станица Преспанско Езеро: Подготвителни активности за воспоставување на граничен премин меѓу Грција и Република Северна Македонија на областа Преспанско Езеро“ со акроним (BorPres) финансиран со средства од ИПА 2 Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција (Договор за партнерство бр. CN3-S02.1-SC61) и националните фондови (Договор за национално ко-финансирање со реден број 08-120286/1 ).

   Техничката документација и тендерското досие ќе бидат изработени согласно ПРАГ: Практичниот прирачник за процедурите за спроведување на помошта од Европската Унија од јуни 2022 година (PRAG:Practical Guide for Contract Procedures for European Union External Action).

2. За реализација на оваа набавка за услуги како договорен орган се јавува Министерството за внатрешни работи.

3. За набавката утврдена со оваа одлука ќе се користат средства обезбедени од проектот „Гранична станица Преспанско Езеро: Подготвителни активности за воспоставување на граничен премин меѓу Грција и Република Северна Македонија на областа Преспанско Езеро“, во вкупен износ од 14.452.970 денари, без данок на додадена вредност.

4. Набавката од точка 1 на оваа одлука ќе се спроведе преку Поедноставена постапка (Simplified procedure) утврдена во ПРАГ прирачникот на Европската Унија и за истата ќе биде склучен посебен Договор за услуги.

5. Согласно Договорот за партнерство INTERREG IPA II Cross Border Cooperation Programme CN3-SO2.1-SC61 потпишан помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија како договорен орган, секој настанат трошок претходно треба да биде одобрен од контролор во период не подолг од 6 месеци, кој потоа ќе се проследи за наплата.

6. Предметот на набавката не е делив на делови.

7. Набавката од точка 1 на оваа одлука да се спроведе согласно член 23 став 1 алинеа 2, со исклучување на примена на Законот за јавните набавки за договорите за кои се обезбедени средства од меѓународни организации-каде постапките ќе се реализираат согласно посебните услови дадени во договорот и договорот INTERREG IPA II Cross Border Cooperation Programme CN3-SO2.1-SC61.

8. Изборот на најповолен понудувач ќе се врши согласно правилата и постапките наведени во PRAG прирачникот на Европската Унија (Practical Guide for Contract Procedures for European Union External Action) од јуни 2022 година.

9. Критериум кој ќе се применува за избор на најповолен понудувач е економски најповолна понуда (понуда која ги исполнува техничките критериуми на тендерската документација, со најниска цена).

   Реализацијата на набавката ќе ја спроведе посебна Комисија за евалуација која што ќе биде формирана во согласност со оваа одлука.

   За потребите на работата на Комисијата, по потреба Министерството за внатрешни работи ќе ангажира надворешно лице кое ќе има улога на обсервер, без право на глас.

10. По донесување на одлуката за избор на Најповолен понудувач, се задолжува надлежната организациона единица во рамките на МВР да ја организира и спроведе предметната набавка.

11. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел успешна имплементација на проектот „Гранична станица Преспанско Езеро: Подготвителни активности за воспоставување на граничен премин меѓу Грција и Република Северна Македонија на областа Преспанско Езеро“ со акроним (BorPres) Министерството за внатрешни работи има потреба од услуги за изработка на техничка документација за реконструкција со надградба и доградба на објектите на полициската станица за гранична контрола-Маркова Нога и нејзино пешачко поврзување со објектите на идниот граничен премин Маркова Нога-Лемос како и изработка на тендерско досие за градежни работи согласно ПРАГ прирачникот на Европската Унија.

Изготвил: Хајди Цветковска

Контролирал: Јане Петковски

Бр. 18.1-22060/1

02 MAR 2023 год.

Скопје

Помошник министер

Андријана Савеска